Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од Осмата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 11.12.2018 година

Скопје, декември 2018 година

ЗАПИСНИК
од Осмата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 11.12.2018 година

Седницата започна во 13:15 часот.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација и членовите: Миљазим Мустафа, Министерство за правда; Софија Кузмановска, Министерство за економија; Маја Лазареска-Јовеска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје, Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово и Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи; Виктор Митевски, Министерство за финансии; Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Гордана Ивановска-Велковска, Министерство за култура; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Суеда Бајрами, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор; Дарко Каевски, Агенција за млади и спорт; Марјан Николов, Центар за економски анализи; Мимоза Богданоска-Јовановска, Македонско научно друштво Битола; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Бесим Небиу, Здружение на новинарите на Македонија Скопје; Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје; Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје и Љупчо Петковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје.

На седницата присуствуваа и: Љупка Арсова-Јуришиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје (замена на Јасна Мандиќ); Марија Савовска, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје (замена на Ирена Цветковиќ); Александра Крстеска, Национален демократски институт и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска, Елпида Петковска и Загорка Видоевска.

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Седмата седница на Советот, одржана на 26.11.2018 година

1. Предлог-програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година
2. Прашања и предлози

*

*   *

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор врз основа на претходно електронско изјаснување и изјаснување на присутните членови на седницата го усвои Записникот од Седмата седница на Советот, одржана на 26.11.2018 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, поради немање потребно мнозинство за расправа и одлучување на седницата согласно член 23 став (1) од Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Советот ги утврди следните препораки:

**Точка 1**

Сузана Никодијевиќ-Филиповска накратко ја презентираше Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година, изработена од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат согласно Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2019 година.

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска се осврна на финансирањето на здруженијата и фондациите во последните неколку години и истакна дека Предлог-програмата треба да биде во согласност со заложбите содржани во Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за подобрување на одржливоста на граѓанските организации преку државна финансиска поддршка со воспоставување на скалесто зголемување на државните средства за поддршка на граѓанскиот сектор секоја година. Таа изнесе генерална забелешка дека износот од 12.000.000 денари кој е издвоен во Предлог-Буџетот на Република Македонија за 2019 година за поддршка на програмски активности на здруженија и фондации е мал и недоволен за реализација на наведените приоритетни области. Препорача зголемување на вкупната висина на средствата, намалување на бројот на приоритетните области и на бројот на грантови, со цел здруженијата да имаат можност да реализираат проекти со кои би се направиле посуштински промени во општеството.

Таа истакна дека е загрижена што предлогот на програмата за финансирање доаѓа на седница на Советот без претходна консултација со граѓанските организации и тоа за приоритетите кои ќе бидат финансирани со програмата, типот и големината на грантовите како и за вкупниот износ на средствата кои се ставаат на располагање (12.000.000 денари) што претставува продолжување на праксата и односот кон граѓанските организации од времето на владеењето на претходната власт.

Елизабета Божиновска и Уранија Пировска се согласија со ставот на претседателката дека износот од 300.000 денари за поединечен грант е недоволен за реализација на проект со кој би се овозможиле стратешки промени, додавајќи дека треба да постои можност овие средства да се користат за кофинансирање на проекти и за институционална поддршка, имајќи предвид дека 95% од граѓанските организации се зависни од странски донатори. Уранија Пировска оцени дека не треба да се расправа по предложените приоритетни области, бидејќи не е спроведен консултативен процес со граѓанските организации при подготовка на Предлог-програмата.

Гордана Гапиќ-Димитровска, Маја Лазареска-Јовеска, Сашо Секуловски и Сафет Незири информираа за активности и практики во своите министерства за соработка со граѓански организации и организирани консултации со граѓанскиот сектор.

Сабина Факиќ укажа на потребата од измена во Предлог-Буџетот на Република Македонија за 2019 година, бидејќи со издвојувањето на 12.000.000 денари за финансирање на здруженијата и фондациите се добива впечаток дека Владата само декларативно се залага за поддршка на граѓанските организации, имајќи предвид дека овие средства изнесуваат 11.5% од средствата издвоени за возила на Владата, односно само 0,005% од вкупниот Буџет на Република Македонија.

**Препораки:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ја разгледа Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година и оцени дека планираните 12.000.000 денари во Предлог-Буџетот на Република Македонија за 2019 година не се во согласност со заложбите на Владата на Република Македонија содржани во Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020, за подобрување на одржливоста на граѓанските организации преку државна финансиска поддршка со воспоставување на скалесто зголемување на државните средства за поддршка на граѓанскиот сектор секоја година.
2. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор препорачува во иднина да се намали бројот на приоритетните области, а да се зголеми висината на поединечните грантови со цел здруженијата да имаат можност да реализираат проекти со кои би се направиле посуштински промени во општеството. Советот не расправаше по специфичните приоритети од Предлог-програмата, бидејќи претходно не е спроведен консултативен процес со граѓанските организации за приоритетите .
3. Се укажува на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, согласно расправата на седницата, да подготви

Мислење на Советот по Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година и да го достави до Владата.

**Точка 2**

Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше за спроведената постапка за избор на еден член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите за областа „ЕУ интеграции и политики", за известувањето од Транспаренси Интернешнл Македонија, во кое се бара признавање на нивниот глас и подготвениот предлог-одговор од страна на Одделението за соработка со невладини организации. Ставот на Одделението по ова прашање беше поддржан од присутните членови на Советот. Таа побара мислење од членовите на Советот, дали покрај дневниот ред и записниците, на www.nvosorabotka.gov.mk да се објавуваат и материјалите по одделните точки од дневниот ред.

Гордана Гапиќ-Димитровска препорача известувањата за одржување на седниците на Советот да се доставуваат од Одделението за соработка со невладини организации со користење на алатката Calendar Invite од Microsoft Outlook.

**Препораки:**

1. Се укажува на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат поканите за седници на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор да ги доставува преку алатката Calendar Invite од Microsoft Outlook.
2. Се укажува на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат материјалите по точките од дневниот ред на седниците на Советот да ги објавува на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk .

*

* *

Седницата заврши во 15:00 часот.

Следната седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ќе се одржи на 20.12.2018 година во 10:00 часот.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвиле: м-р Елпида Петковска и Загорка Видоевска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска